Лоциран во срцето на Скопје, во населбата Аеродром, Капитол Мол и Резиденс се простира на вкупна изградена површина од 33.500 м2. Од нив, 12.500 м2 се наменети за шопинг центарот сместен на првите четири нивоа, а 6.000 м2 се одвоени за резиденцијалниот – станбениот дел на горните четири катови. Паркинг просторот е на три нивоа под земја, со вкупна површина од 15.000 м2.

Шопинг центарот Capitol Mall е составен од 47 локали, со модерни бутици од познати интернационални, регионални и локални брендови, ресторан и фаст фуд дел, детски центар и места за забава за посетителите од сите возрасти. Со отворањето на Capitol Mall & Residence, воедно, се отвораат и преку 500 нови работни места од повеќе индустрии.

За потребите на одделот за одржување во Капитол Мол и Резиденс потребно е да се пополнат следните позиции:

- **Електричар за одржување – 1 позиција**

Кандидатот треба да поседува најмалку 2 години претходно искуство на истата позиција и да има основно познавање од работа со компјутер и информациски технологии.

Одговорностите и задачите ќе вклучуваат:

- Редовна проверка за непречено и уредно функционирање на системите
- Изведување на ситни поправки
- Одржување на клими – фреонски системи
- Изведување на други сродни работни задачи

Работното време изнесува 40 часа организирано во две смени.

Износот на платата е компетитивен согласно искуството, знаењето и квалификациите на кандидатот.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат горенаведените услови, ги покануваме да ја пратат својата биографија на **hr@hiltonskopje.com**
Само кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе бидат поканети на интервју.